# НИКНАЛО ЦВЕЌЕ ШАРЕНО




**I**

Никнало, никнало
цвеќе шарено,
пред моми, пред моминото
пенџерче.

**II**

Дењем го, дењем го
моме вадело,
ноќем го, ноќем го
момче крадело.

**III**

Дејгиди, дејгиди
момче будало,
не знаеш, не знаеш
моме да љубиш,
тук' знаеш, тук' знаеш
цвеќе да крадеш.

**IV**

Цвеќето, цвеќето
е за мирисање,
момето, момето
е за љубување.

Димчевски, Ѓорѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986